# НАУЧЕН СОБИР „ТЕТОВО И ТЕТОВСКО ВО НОВ 1941—1945"

Во организација на Општинскиот одбор на Сојузот на Здружението на борците на Тетово од 20 до 24 декември 1985 година се одржа научниот собор „Тетово и Тетовско во НОВ 1941—1945".

На научниот собир со свое присуство се одзваа голем број општествено-политички работници, научници, преживеани борци и други гости од градот и Републиката. Собирот беше отворен од претседателот на организациониот одбор академик д-р Михаило Апостолски. Од името на работните луѓе на Тетово, Собирот го поздрави претседателот на Општинското собрание Стефица Божиновски, а од името на Институтот за национална историја проф. д-р Данчо Зографски.

Во воведното излагање, поднесено од Томо Софрониевски, беа истакнати суштинските моменти од НОВ во Тетово и неговата околина кои со својата посебност оставија најдлабоки траги во развојот и дејноста на партиската организација од Тетово.

На научниот собир беа поднесени околу 90 реферати, прилози, соопштенија и сеќавања поделени во шест тематски подрачја.

За првото тематско подрачје беа поднесени вкупно 12 реферати и прилози. Во нив авторите преку користење богата архивска документација успеале да ги зафатат множеството проблеми за третираниот проблем со осврти на општествено-политичките и економските прилики во Тетовско меѓу двете светски војни, врските и активноста на Тетовската партиска организација меѓу напредните учители, на стопанската положба, на општинските и парламентарните избори и на културно-просветните активности во Тетовско меѓу двете светски војни.

Формирањето и активноста на Тетовската партиска организација, работата на партиската техника и илегалните врски помеѓу Тетовската партиска организација со ПК на КПЈ за Македонија и со останатите градови од територијата на Западна Македонија, Косово и Албанија, формирањето и активноста на Окружниот комитет се разгледуваа во второто тематско подрачје во кое се поднесоа вкупно 19 реферати.

Во третото тематско подрачје беа застапени вкупно 24 реферати, прилози и сеќавања кои се однесуваа на настаните поврзани со формирањето на првите партизански одреди и воени единици на територијата на Тетово. Предмет на разгледување пред сè беа напорите околу формирањето на Шарпланинскиот партизански одред, акциите на косовските единици во околината на Тетово, престојот и активноста на XIV Македонска ударна бригада „Димитар Влахов" во Тетово и Тетовско како и престојот и дејноста на Првата Народно-ослободителна бригада од Егејска Македонија на оваа територија.

Со 9 реферати, прилози и сеќавања беше застапено четвртото тематско подрачје во кое референтите се осврнаа на формирањето и активноста на скоевската организација, активноста на жените во редовите на НОВ и ПОМ, создавањето и развојот на органите на народната власт на оваа територија како и на културно-

просветната дејност во Тетово и Тетовско во текот на НОВ.

Во петтото тематско подрачје, застапено со 13 реферати, се разгледуваа основните карактеристики на германската, италијанската окупациона власт и квислиншката цивилна власт и теророт на окупаторот. Исто така во рефератите се изнесе и формирањето и улогата на фашистичките организиции и квислиншките единици по капитулацијата на Италија како и престојот на партиски активисти, борци и антифашисти од Тетово и Тетовско во затворите и концентрационите логори со посебен осврт на логорот во Приштина.

Шест прилози за ликови на борци од Тетово беа поднесени во шестото тематско подрачје.

Во дискусијата, која се водеше непосредно по излагањето на референтите од секое тематско подрачје, зедоа учество 64 дискутанти. Преку дискусијата се дојде до некои нови сознанија, а со критичкиот осврт врз она што беше познато за Народноослободителната војна и Револуцијата од овој крај, се фрли светлина врз тие настани. Дискутантите мошне објективно илустрирано со бројни податоци се осврнаа на успесите што ги постигна партиската организација на КПЈ, подоцна КПМ на територијата на Тетовско, а посебно на значењето на априлското советување на тетовската партиска организација за продолжување на борбата во условите на окупација, подготовките за исфрлање на партизански одред, за партиската техника, посебно за придонесот на Кузман Јосифовски Питу во работата на партиската организација, напорите на тетовските партиски кадри во политичкото издигнување на албанското население кон идеите и целите на КПЈ, улогата на селата од Тетовско под бугарска окупација и нивната улога во НОВ, улогата на реакционерните сили кои дејствуваа во градот Тетово и по селата, и осврт врз дејствувањето на единиците на НОВ и ПОМ во ослободувањето на Тетово и др.

Меѓутоа, и покрај напорите да се објаснат сите настани кои се одигруваа на територијата на Тетово и Тетовско во време на НОВ и Револуцијата, сепак останаа прашања кои не беа доволно осветлени. Тоа пред сѐ се однесува на формирањето и улогата на I Обласен комитет, потоа тетовските партиски кадри како инструктори на територијата на Македонија, улогата на гимназијата како расадник на револуционерни идеи, како и улогата на Окружниот воен штаб и месниот воен штаб.

Во завршниот збор на Научниот собир, академикот Михаило Апостолски резимирајќи ги резултатите од четиридневната работа ја искажа констатацијата дека научниот собир ги оправдал очекувањата на организаторите од приложените материјали и од дискусијата и дека материјалите кои што ќе излезат во посебен Зборник несомнено ќе претставуваат прилог не само за историјата на овој крај, туку воопшто кон македонската историографија.

Тодор ЧЕПРЕГАНОВ